**20130040145**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 57, став 3 од Законот за ветеринарното здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/2007, 24/2011 и 136/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.1.2013 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
# ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ВЕТЕРИНАРНО ЈАВНО ЗДРАВСТВО ВО 2013 ГОДИНА

I

Средствата за ветеринарно јавно здравство во 2013 година се утврдуваат во износ од 23.000.000,00 денари и тоа од следните извори:

*во денари*

| | |
|---|---|
| **1. Средства од Буџетот на Република Македонија за 2013 година, Раздел 14005 - Агенција за храна и ветеринарство на Република Македонија, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 464, сметки 631 и 637** | 23.000.000,00 |

II

Средствата за ветеринарно јавно здравство во 2013 година, во целост ќе бидат искористени за плаќање на заостанатите обврски по активностите за ветеринарно јавно здравство од претходната година

| | |
|---|---|
| **Заостанати обврски од претходната година** | 23.000.000,00 |

III

Активностите за ветеринарно јавно здравство во 2013 година ги опфаќаат следните ставки:

| | |
|---|---|
| 1. Следење и откривање на присуство на резидуи во суровините и производите од животинско потекло и следење на употребата на ветеринарно медицински препарати кај домашните животни и утврдување на антимикробна резистенција | 15.800.000,00 |
| 2. Следење и откривање на салмонелозата и други зоонотски агенси кај животните, храната од животинско потекло и храната за животни | 2.500.000,00 |
| 3. Програма за мониторинг на хигиенската исправност и квалитетот на храната од животинско потекло | 4.000.000,00 |
| 4. Програма за мониторинг на безбедноста и хигиенската исправност на храната за животни и другите производи за исхраната на животните | 1.000.000,00 |
| 5. Програма за мониторинг на исполнувањето на критериумите за микробиолошка исправност на храната од животинско потекло | 2.500.000,00 |
| 6. Програма за мониторинг на критериумите за сирово млеко кај молзните грла чие млеко се користи за исхрана на луѓето | 1.000.000,00 |
| 7. Центар за несакани дејства од употребата на ветеринарно медицинските препарати | 200.000,00 |
| **ВКУПНО** | **27.000.000,00** |

IV

Средствата од дел III точка 1 на оваа програма во износ од 15.800.000 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - трошоци за дијагностичко испитување на присуство на резидуи во суровините и производите од животинско потекло | 11.000.000,00 |
| - следење на употребата на ветеринарно медицинските препарати кај домашните животни и утврдување на антимикробна резистенција | 500.000,00 |
| - следење и откривање на присуство на резидуи во производите и нуспроизводите од животинско потекло при увоз | 4.300.000,00 |

V

Средствата од дел III точка 2 на оваа програма во износ од 2.500.000 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - трошоци за дијагностичко испитување и откривање на салмонелозата кај живината | 1.700.000,00 |
| - трошоци за дијагностичко испитување и откривање на салмонелозата и други зоонотски агенски кај свињите | 800.000,00 |

VI

Средствата од дел III точка 3 на оваа програма во износ од 4.000.000 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - мониторинг на хигиенската исправност на храната од животинско потекло | 1.500.000,00 |
| - мониторинг на квалитетот на храната од животинско потекло | 500.000,00 |
| - мониторинг на хигиенската исправност и квалитет на храната од животинско потекло при увоз | 2.000.000,00 |

VII

Средствата од дел III точка 4 на оваа програма во износ од 1.000.000 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - мониторинг на безбедноста и хигиенската исправност на храната за животни и други производи за исхрана на животните | 1.000.000,00 |

VIII

Средствата од дел III точка 5 на оваа програма во износ од 2.500.00.000 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| -мониторинг на исполнување на критериумите за микробилошка исправност на храната од животинско потекло | 2.500.000,00 |

IX

Средствата од дел III точка 6 на оваа програма во износ од 1.000.000 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - мониторинг на критериумите за сирово млеко кај молзните грла чие млеко се користи за исхрана на луѓето | 1.000.000,00 |

X

Средствата од дел III точка 7 од оваа програма во износ од 200.000 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - трошоци за изработка и воспоставување стандардни процедури за евалуација и следење на несаканите дејства кај ВМП и изработка и одржување на веб страна на Центарот за несакани дејства. | 200.000,00 |

XI

Средствата за извршување на активностите од деловите IV, V, VI, VII, VIII, IX и X, ќе бидат исплатени од Програмата за користење на средства за ветеринарно јавно здравство од Буџетот на Република Македонија во 2014 година.

XII

Приоритет во спроведување на мерките на оваа програма ќе имаат активностите за следење и откривање на присуството на резидуи во суровините и производите од животинско потекло и следење и откривање на салмонелозата и други зоонотски агенски кај животните и храната од животинско потекло.

XIII

За спроведување на оваа програма се грижи Агенцијата за храна и ветеринарство.

XIV

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 41-10045/1-12
3 јануари 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.